| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект, вон граници на плански опфат за изградба на комплекс од градби за производство на електрична енергија со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани, на м.в. Чаири, м.в. Селска Утрина и м.в. Мала Рада, КО Сарандиново, КО Новоселани и КО Бело Поле, општина Долнени. |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Министерство за транспорт и врски |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за транспорт и врски |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Елена Арсов дипл. инж. арх.<br>Елена Арсеска дипл. инж. арх.<br>Миреме Ферати дипл. инж. арх.<br>Про-инженеринг ДОО, експорт-импорт, Тетово |
| Назив на работното место | Одговорен планер и соработници |
| Контакт податоци за лицето | Илирија бр 1 локал 20 – Зелен паза/на кат Тетово, Тетово<br>rametulla.proing@yahoo.com<br>тел. 070-24-02-07 |

## Основни податоци за планскиот документ

Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)

Основ за изработка на предметниот УП се одредбите на член 58 став 6 од *Законот за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ бр 32/20 и 111/23),* согласно кој урбанистички проект може да се изработува и за поединечни градби и инфраструктури од државно и локално значење вон населени места и вон опфат на урбанистички планови на земјоделско, шумско и друго земјиште, крајбрежни појаси и други простори за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план согласно овој закон, а постои соодветен или некатегоризиран сообраќаен пристап, во кој случај урбанистичкиот проект се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот. Урбанистички проект вон граници на плански опфат,за изградба на комплекс од градби за производство на електрична енергија со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани,на м.в.Чаири,м.в.Селска Утрина и м.в.Мала Рада ,КО Сарандиново,КО Новоселани и КО Бело Поле , во општина Долнени(УП) се изработува врз основа на методологијата која произлегува од одредбите утврдени со ***Законот урбанистичко планирање*** *("Сл.Весник на РМ бр. 32/20 и 111/23)* како и подзаконските акти што произлегуваат од него: ***Правилникот за урбанистичко планирање*** *("Сл.Весник на РМ бр. 225/20,219/21,104/22 и 99/23)*. Согласно член 59, став 2 од ***Правилникот за урбанистичко планирање*** *("Сл.Весник на РМ бр. 225/20, 19/21,104/22 и 99/23),* урбанистичкиот проект е планско-проектна документација која структурално се состои од плански и проектен дел. За предметниот локалитет не постои претходна урбанистичко – планска документација. Издадени се УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ за изградба на комплекс од градби за производство на електрична енергија со намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани,КО Сарандиново,КО Новоселани и КО Бело Поле , во општина Долнени, изработени
од АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ со тех бр.Y22021 и РЕШЕНИЕ БР.УП 1-15 1440/2021 од 30.09.2021 од МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА;

Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?

ДА X
НЕ ☐

Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?

Планската документација за просторот кој го опфаќа локалитетот Урбанистички проект, вон граници на плански опфат за изградба на комплекс од градби за производство на електрична енергија со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани, на м.в. Чаири, м.в. Селска Утрина и м.в. Мала Рада, КО Сарандиново, КО Новоселани и КО Бело Поле, општина Долнени кои се градат на е предвидена на КП 501/4,КП 352/5,КП 438/7 КП 453/3, КП 1179/8 КП 121/1, КП 1179/23, КП 100/2, КП 101/2, КП 104/2 КП 122/3, КП 123/3, КП 124/2, КП 125/2, КП 126/2, КП 127/2, КП 128/2, КП 130/2, КП 131/13, КП 131/9, КП 131/5, КП 129/2, КП 132/2, КП 133/5, КП 134/2, КП 135/2, КП 136/2, КП 137/2, КП 138/4, КП 139/2, КП140/2, КП 141/2, КП 120/2,КП 156/4, КП 144/2, КП 145/2, КП 146/2, КП 147/2, КП148/2, КП 148/13, КП 148/12, КП 148/11, КП 148/10, КП 149/2, КП 150/2, КП 160/2, КП166/5, КП 115/2.
Претходен Дуп: Се работи за локација за која не постои урбанистички план т.е. истата е лоцирана во просторен план, планскиот опфат се однесува само на предметната локација. Планскиот опфат нема друга урбанистичка планска документација.

Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.

Да, енергетика

Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 2, точка 1).

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да ☐<br>Не X | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |

| |
|---|
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| Не |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| Не. Целокупното земјиште е веќе изградено земјиште. |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Реализацијата на Урбанистички проект, вон граници на плански опфат за изградба на комплекс од градби за производство на електрична енергија со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани, на м.в. Чаири, м.в. Селска Утрина и м.в. Мала Рада, КО Сарандиново, КО Новоселани и КО Бело Поле, општина Долнени ќе придонесе за рационално користење, штедење и заштита на природните ресурси, искористување на сончевата енергија како обновлив извор на енергија, намалување на емисии во воздухот и на емисии на стаклени гасови, намалување и ублажување на климатските промени, зголемување на енергетската ефикасност во однос на постоечките постројки во секторото енергетика, намалување на зависноста од увоз на струја, позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и вредност на просторот и економски ефект. Географската положба и сообраќајната поврзаност на оваа локација одат во прилог за оформување на плански опфат за поставување на фотонапонски панели за производство на електрична енергија од сончева енергија како обновлив извор не енергија. |
| Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| 5 години |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| / |
| Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа). |

Предмет на овој урбанистички проект е планирање и проектирање на фотонапонски панели со моќност од 321,9 MW и водови за пренос на електрична енергија (трансформаторска станица и електрични водови) на КП 501/4,КП 352/5,КП 438/7 КП 453/3, КП 1179/8 КП 121/1, КП 1179/23, КП 100/2, КП 101/2, КП 104/2 КП 122/3, КП 123/3, КП 124/2, КП 125/2, КП 126/2, КП 127/2, КП 128/2, КП 130/2, КП 131/13, КП 131/9, КП 131/5, КП 129/2, КП 132/2, КП 133/5, КП 134/2, КП 135/2, КП 136/2, КП 137/2, КП 138/4, КП 139/2, КП140/2, КП 141/2, КП 120/2,КП 156/4, КП 144/2, КП 145/2, КП 146/2, КП 147/2, КП148/2, КП 148/13, КП 148/12, КП 148/11, КП 148/10, КП 149/2, КП 150/2, КП 160/2, КП166/5, КП 115/2. Мапите и планскиот простор се дадени во проектната програма за урбанистичкиот проект. Основна класа на намена е:
Е1.13 (Фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земја)
Компатибилна класа на намена е:
Е1.8. Инфраструктури за пренос на електрична енергија, меѓународни високонапонски надземни електрични водови и средно и ниско напонски водови од дистрибутивните мрежи со пратечките далноводски пилони столбови, трансформаторски станици и помошни инсталации. Пристапот до локацијата е по асфалтиран пат. Границата на опфатот за дадената локација е:
Најсеверна точка 7534318.84, 4587492.56
Најисточна точка 7536390.50,4586079.23
Најјужна точка 7535045.00,4585813.00
Најзападна точка 7533966.56,4586703.72
Предметната локација се наоѓа на надморска височина од 609 метри. (Сите координати се дадени на крајот од документот)

Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.

Да X
Не ❑

Да ☐
Не X

Резиме на влијанијата врз животната средина
(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето).

Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.

Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.
Потенцијални вилјанија врз животната средина од изведување и оперативност на планскиот документ може да настанат од несоодветно управување со отпадот за време на градежната фаза, а во фаза на оперативност овие влијанија не се очекувани, каде единствено при оштетување на опремата од некоја природна непогода при што е потребна нејзина промена, а отпадната опрема која е заменета ќе се предаде на овластен постапувач со ваков тип на отпад. Во градежна фаза очекувани се влијанија во амбиенталниот воздух поради работа на градежна механизација и опрема, а по инсталација на опремата се очекува овие влијанија да исчезнат. Во градежна фаза други очекувани влијанија се од евентуално истекување на моторно масло од механизацијата и опремата, за разлика од оперативната фаза каде овие влијанија не се очекувани. Очекуваните влијанија во градежна фаза се локални, краткотрајни и со мал интензитет.
Планскиот концепт е во директна зависност од природните фактори, посебно од конфигурацијата на теренот и од можностите за ппросторна композиција, односно естетското обликување на просторот. Одржливиот развој е еден од принципите врз кој е поставен планскиот концепт.

| | |
|---|---|
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата | Времетраењето на влијанијата врз животната средина се краткотрајни само во фаза на изградба и тоа и во воздух, евентуално отпад, несакани инцидентни истекувања и слично. Влијанијата се краткотрајни, локални и со мал интензитет, единствено промената на пределот е долготрајно влијание. Во оперативната фаза можни се влијанија од создавање на отпад од евентуално настанат дефект на фотонапонската централа, но влијанијата ќе бидат локални и краткотрајни заради дејноста која ја вршат. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекувани значајни влијанија врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата | Нема |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи) | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават стрикно само како резултат на природни непогоди. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната) | Со последнниот попис на населението во општина Долнени има 13 805 жители на површина од 430 км$^2$. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Изведбата на планскиот опфат ќе овозможи позитивни ефекти со својатафункционална содржина врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, комплетна уреденост на просторот, позитивен еколошки аспект со тоа што се користат обновливи извори на енергија, намалување на емисии во воздух од согорување на фосилните горива. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ.<br>Не се очекува | |

| | |
|---|---|
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | На подрачјето на катастарска општина Долнени регистрирани се следните споменици на културата:<br>- Археолошки локалитет Слатина, Новоселани, доцноримски период,<br>- Археолошки локалитет Стари лозја, Новоселани, римски период<br>- Црква Св. Ѓорѓи, Новоселани, 19ти век<br>- Археолошки локалитет Висои, Бело Поле, бронзен до доцноримски период<br>- Археолошки локалитет Геракарница, Бело Поле, римски период<br>- Археолошки локалитет Манастириште, Бело Поле, среден век<br>- Археолошки локалитет Марков Чардак, Бело Поле, хеленистички доцноантички период и среден век<br>-Археолошки локалитет Чачорица (Калдрма), Бело Поле, римски период<br>- Црква Св. Никола, Бело Поле, 1874 година<br>Доколку при реализација на овој УП се појави архелошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство, („Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) односно веднаш да запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Од предвидените плански содржини не се очекуваат надминувања на стандардите за квалитет на животна средина, ниту пак граничните вредности. Тие ќе бидат следени од страна на надлежни органи. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Со имплементирање на предметниот проект не се зафаќаат површини под земјоделско земјиште. Местоположбата на локацијата која е дел од овој проект е КП 501/4,КП 352/5,КП 438/7 КП 453/3, КП 1179/8 КП 121/1, КП 1179/23, КП 100/2, КП 101/2, КП 104/2 КП 122/3, КП 123/3, КП 124/2, КП 125/2, КП 126/2, КП 127/2, КП 128/2, КП 130/2, КП 131/13, КП 131/9, КП 131/5, КП 129/2, КП 132/2, КП 133/5, КП 134/2, КП 135/2, КП 136/2, КП 137/2, КП 138/4, КП 139/2, КП140/2, КП 141/2, КП 120/2,КП 156/4, КП 144/2, КП 145/2, КП 146/2, КП 147/2, КП148/2, КП 148/13, КП 148/12, КП 148/11, КП 148/10, КП 149/2, КП 150/2, КП 160/2, КП166/5, КП 115/2. |
| Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Не се евидентирани. |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Со урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план се дефинира намената на земјиштето во планскиот опфат. Со проектот се создаваат услови за развој на локалната економија, со даночна обврска на сопственици за плаќање на данок

на имот кој претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа. Приходот ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои локалната самоурава може да ги даде на своите граѓани. Целта на изработка на овој план е создавање на услови на стабилност во снабдувањето на елективна енергија, одржливо производство на енергија, отворање на работни места, подобрување на квалитетот на воздухот и квалитетот на живеење, намалување на стаклени гасови, зголемена енергетска ефикасност. Имплементацијата на

планскиот документ со својата намена за користење на обновливи извори на енергија е во насока на реализација на генералните цели на одржливиот развој преку намалување на вкупните емисии во воздухот.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Со донесување на планот ќе се обезбеди повисока организација на просторот, инфраструктурната доопременост, тој ќе претставува нов циклус во развој на економијата и стопанството, а со негово имплементирање ќе се придонесе до заштита и унапредување на животната средина.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

Не се очекуваат значајни еколошки проблеми, единствено од неправилно управување со отпадот за време на градежната фаза кое може да доведе до негативно влијание врз животната средина, но со оперативност на планскиот документ ќе се намали искористеноста на необновливите извори на енергија, ќе даде придонес во намалување на стакленичките гасови и климатски промени, а ќе се зголеми искористеноста на обновливите енергетски ресурси.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Планскиот документ е во корелација со Просторниот план на РСМ и во корелација со постоечкиот ГУП, Национален план за управување со отпад 2020-2030, Втор национален еколошки акционен план на РСМ, 4-ти Национален акциски план за енергетска ефикасност, Трет национален план за климатски промени, околни (соседни) ДУП- ови.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Опфатот не бил разгледуван во друг плански документ и за истиот нема претходно спроведено стратегиска оценка.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Согласно законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22), и Уредбата за спроведување на критериуми врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оценка на влијание врз животната средина потребно е да се утврди потребата од спроведување на постапка за оцена на влијание врз животната средина. Потребата од оцена на влијание ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно законот за животна средина како и Законот за заштита на природата, правните или физички лица кои вршат дејност или активност кои не спаѓаат во проекти за кои се спроведува постапка за оцена на влијание врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејноста или активноста врз животната средина пред започнување на спроведување на проектот и истиот да се достави до органот надлежен за негово одобрување.

Овој проект спаѓа во Уредба за дејности и активности за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина и тоа Прилог 1, точка V – Енергетика, потточка 5- електрани кои користат обновливи извори на енергија (сонце, ветер, биомаса, биогас, геотермална и др.) Сите можни влијанија ќе се земат во предвид при реализација на планот, како и при издавање на одобренија за градење со обезбедување на услови за контрола на влијанијата.

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Министер,<br>Благој Бочварски |
| Датум: 25.10.2023<br>Место: Скопје<br>21-5122/3 | М.П. |

